# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (РКЕ) донесе Одлука со која се врши **намалување** на малопродажните цени на нафтените деривати во **просек за 0,27%** во однос на одлуката од 22.6.2026 година.

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат намалување и тоа во просек: кај бензините за 0,243%, кај дизелот за 2,183%, кај екстра лесното масло за 1,907% и кај мазутот намалувањето е за 4,388%.

**Курсот на денарот во однос на доларот** во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка **е повисок за 1,5132%.**

**Од 30.6.2026 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | |
|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕВРОСУПЕР БС - 95** | **84,50 (денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕВРОСУПЕР БС - 98** | **86,50 (денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕВРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **80,00 (денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **79,50 (денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **41,495 (денари/килограм)** |

Малопродажната цена на **ЕВРОДИЗЕЛ (Д-Е V) се намалува за 0,50 ден/лит.**

Малопродажните цени на бензините **ЕВРОСУПЕР БС-95 и ЕВРОСУПЕР БС-98 се зголемуваат за 0,50 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) не се менува.**

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се намалува за 0,796 ден/кг и сега ќе изнесува**.

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 30.6.2026 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

30.6.2026

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019